Република Северна Македонија
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. "Сандо Масев" бр.1 2400 Струмица Македонија

Подцентрала: 348-030, факс 320-544
www.strumica.gov.mk gradonacalnik@strumica.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23 - 153/1
15 · 05 201 9 год.
СТРУМИЦА

# ЈАВЕН ПОВИК

**за изразување интерес за учество на претставник од граѓанските организации како член во Комисијата за евалуација на предлог проекти во рамките на јавен повик на приоритетните области: „ Локален економски развој, Социјална заштита, Заштита на животната средина, Образование, Млади, Родова еднаквост и човекови права" од Здруженија и Фондации од Општина Струмица за 2019 година за финансирање од Програмата G1 Поддршка на ЛЕР од Буџетот на Општина Струмица за 2019 година и од Програмата V2 Програма за Социјална заштита од Буџетот на Општина Струмица за 2019 година.**

Општина Струмица објави јавен повик во рамките на Програма G1 и Програма V2 за прибирање на предлог проекти од граѓанските организации. Финансиските средства предвидени во Програмата G1- Поддршка на ЛЕР/трансфер до НВО, Од Буџетот на Општина Струмица за 2019 година ќе се доделуваат на Здруженија и Фондации од Општина Струмица за проекти во рамките на Стратегиските развојни документи на Општина Струмица до 2020 година, соодветни на приоритетните области и цели. Повикот беше објавен на 30 ти Април 2019 и ќе трае до 29 ти Мај 2019, при што евалуацијата на пристигнатите предлог проекти е планирана да се одржи веднаш после завршувањето на јавниот повик. Евалуацијата се очекува да трае не повеќе од 2-3 дена и ќе зависи од бројот на добиени предлог проекти.

За да се обезбеди транспарентен и отворен процес на селекција на предлог проектите од граѓанските организации општина Струмица објавува Јавен повик за изразување интерес за учество на претставник од граѓанските организации како член во Комисијата за евалуација на предлог проектите поднесени од граѓанските организации во рамките јавниот повик кој е објавен од општина Струмица.

Претставникот на граѓанските организации во Комисијата за евалуација ќе ги има следниве должности и обврски:

- ќе биде член во Комисијата за евалуација со право на глас;
- ќе потпише изјава за доверливост и непристрасност и нема да споделува никакви информации околу процесот на евалуација;
- ќе биде присутен за целото времетраење на евалуацијата од почеток до крај;
- ќе го потпише извештајот на Комисијата за евалуација, кој ќе ги резимира наодите од евалуацијата на предлог проектите.

Кандидатот за член во Комисијата за евалуација мора да биде **член и/или постојано вработено лице** во граѓанска организација што е законски основана согласно со Законот за асоцијации и фондации.

Кандидатот треба да има:

- претходно искуство и вештини за спроведување на евалуација на предлог проекти од граѓански организации. Искуство со грантови доделени од ЕУ ќе се смета за предност;
- искуство во подготвување и/или имплементација на проекти финансирани од јавни средства;

Кандидатите мора да ги достават следниве документи по електронски пат на info@strumica.gov.mk:

- писмо за искажување интерес со куса биографија – со кое ќе се искаже интерес за учество во Комисијата за евалуација како член (писмото не треба да е подолго од една страница)
- Изјава на овластеното лице на граѓанската организација, со која се овластува кандидатот да ја претставува таа граѓанска организација во Комисијата за евалуација.

**Граѓанската организација во која избраниот кандидат е член и/или постојано вработен НЕ МОЖЕ да аплицира (ниту како носител ниту како партнер на носителот) на јавниот повик за поднесување на предлог проекти во рамките на G1 и V2 Програма.**

**Крајниот рок за поднесување на апликациите е 22 Мај 2019 до 16:00 часот.**

Доколку Ви се потребни дополнителни информации, Ве молиме обратете се кај Тони Милушев (toni.milusev@strumica.gov.mk).

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Коста Јаневски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СТРУМИЦА